# Соработката на државите од поранешна Југославија со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТЈ) како предуслов за ЕУ-интеграцијата

Доц. д-р Александар Љ. Спасов*

UDK 341.645:343]:343.19.072.2 (491.1)
1.01 Изворна научна статија

1. Од неговото основање со Резолуцијата 808 на Советот за безбедност на Обединетите нации од 1993 година (*понатаму:* СБ на ОН),[1] соработката на државите настанати со распаѓањето на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија (*понатаму:* поранешна Југославија) со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (*понатаму:* МКТЈ) прераснува во еден од клучните критериуми за оценување на подготвеноста на споменатите држави за исполнување на нивните меѓународно правни обврски.

Во првата деценија од независноста прогласена во 1991 година., а меѓународно призната во 1992 година од страна на државите членки на тогашната Европска заедница (*понатаму:* ЕЗ) во случајот на Хрватска, Словенија и Босна и Херцеговина (во случајот на Македонија со спротивставувањето на Грција поради несогласувањето на оваа држава членка на ЕЗ со уставното име на Република Македонија, признавањето од страна на членките на ЕЗ, со договорот од Мастрихт од 1992 година што стапи на сила во 1993 година преименувана во Европска унија,[2] следуваше на крајот од 1993 и во 1994 година откако со Резолуција на СБ на ОН на Република Македонија и беше овозможено да стане членка на ОН под привремената референца *Поранешна Југословенска Република Македонија*[3]),[4] соработката со МКТЈ беше клучен услов за етаблирањето на овие држави во меѓународната заедница, што е видливо во големиот број соопштенија, извештаи и обраќања на Судот и обвинителот до државните органи на државите под јуриздикција на МКТС како и до органите на ОН, а посебно генералниот секретар, Генералното собрание и Советот за безбедност.[5]

Во случајот на Сојузна Република Југославија (*понатаму:* СРЈ), федерална држава настаната во 1992 година и составена од Србија и Црна Гора кои истовремено беа и федерални единици на поранешната Југославија, соработката со МКТЈ имаше еднакво важно значење при оценувањето дали државата ги исполнува своите меѓународно правни обврски, особено поради фактот што оваа држава во текот на последната деценија на 20 век најголем дел од времето беше под санкции наметнати од СБ на ОН, а поради улогата на нејзиното раководство во разорниот воен конфликт што следуваше за време и непосредно по распаѓањето на поранешната Југославија.[6]

Кон крајот на последната деценија од 20 век и на почетокот од првата деценија од 21 в. воените конфликти во државите од поранешна Југославија завршија со конфликтот во Косово од 1997 до 1999

[1] *Resolution 808 (1993) adopted by the Security Council*, https://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N93/098/21/IMG/N9309821.pdf?OpenElement, (посетено на: 11.4.2016)

[2] *Treaty on European Union*, EUR-Lex, Access to European Union law, http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=URISERV%3Axy0026, (посетено на: 11.4.2016)

* Авторот е доцент на теоретски правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и еден од главните и одговорни уредници на списанието „Европско право".

[3] Види повеќе: *Resolution 817 (1993) adopted by the Security Council*, https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N93/203/74/IMG/N9320374.pdf?OpenElement, (посетено на: 11.4.2016)

[4] Види повеќе за процесот на меѓународното признавање на државите настанати со распаѓањето на поранешна Југославија во: *Türk, Danilo,* Recognition of States: A Comment, European Journal of International Law, 4 (1993), 66–71.

[5] Види повеќе: *United Nations, International Criminal Tribunal for the former Yugoslavia,* Press Releases Archive, http://www.icty.org/en/press/press-releases-archive, (посетено на: 11.4.2016).

[6] *Resolution 757 (1992) adopted by the Security Council*, http://www.un.org/en/ga/search/view_doc.asp?symbol=S/RES/757%281992%29, (посетено на: 11.4.2016).

година и воената интервенција на државите членки на НАТО против тогашната СРЈ од март до јуни 1999 година,[7] како и неколкумесечната безбедносна криза во Македонија во 2001 година која заврши со Охридскиот рамковен договор од август 2001 година.[8]

Првата деценија од 21 век и воедно втора деценија од независноста на споменатите држави ја одбележа почнувањето на процесот на интеграцијата во ЕУ и тоа најпрво во рамките на процесот за стабилизација и асоцијација што започна во 2000 година, а потоа и со стекнувањето на статус на кандидат за членство на Хрватска во 2004 година[9], на Македонија во 2005 година,[10] на Србија (држава која е правен наследник на Сојузна Република Југославија до 2003 година односно Државната заедница на Србија и Црна Гора од 2003 до 2006 година) во 2012 година[11] и Црна Гора во 2010 година (држава што стекна независност во 2006 година со напуштање на споменатата Државна заедница на Србија и Црна Гора).[12]

Босна и Херцеговина поднесе кандидатура во почетокот на 2016 година, но сè уште нема кандидатски статус[13], а во однос на Косово, во 2016 година влезе во сила Договорот за стабилизација и асоцијација.[14] Во случајот со Косово важно е да се истакне дека пет држави-членки на ЕУ ја немаат признаено независноста на Косово што беше унилатерално прогласена во 2008 година, а важен сегмент од односите меѓу ЕУ и Косово е и Мисијата за владеење на правото EULEX што ЕУ ја воспостави по унилатерално прогласената независност.[15]

Единствен исклучок од останатите држави од поранешна Југославија е Словенија која, благодарејќи на фактот дека, во најголема мера, не беше инволвирана во конфликтите од последната деценија на 20 в. и немаше пречки од други држави членки на ЕУ, интеграцијата во ЕУ ја почна набргу после стекнувањето на независноста и стана членка на ЕУ во 2004 г. заедно со најголемиот број држави од централна и источна Европа.[16]

Процесот на интеграција во ЕУ на споменатите држави, меѓу другите аспекти, беше и е условен со активната соработка со МКТЈ. Европската комисија во име на ЕУ, редовно ја оценуваше и ја оценува соработката во рамките на годишните „Извештаи за напредок" *(Progress Reports)* во делот за исполнувањето на политичките критериуми за членство во ЕУ.[17] Соработката со МКТЈ може да се определи и како дополнителен критериум со кој беа и се условени државите од поранешна Југославија споредено со процесот на интеграцијата во ЕУ на другите држави во централна и источна Европа, пред сè, поради специфичните историски околности и трагичните настани што силно влијаеја врз развојот и обликувањето на правните, политичките и, воопшто, општествените системи на овие држави.

Имајќи ги предвид тие околности, фокусот на истражувањето е врз интеракцијата меѓу соработката на Хрватска, Србија и Македонија со МКТЈ и нивната интеграција во ЕУ. Фокусот на наведените држави може да биде оправдан со нивните карактеристики. Имено, Хрватска е полноправна членка на ЕУ од 2013 година и успешно го заврши претпристапниот процес, вклучително и соработката со МКТЈ. Србија е во процес на преговори, но во минатото една од главните пречки за интеграцијата во ЕУ беше токму (не)соработката со МКТЈ, а во последните години добива позитивна оцена за соработката со МКТЈ особено по испорачувањето на МКТЈ на последните тројца обвинети Радован Караџиќ, Ратко Младиќ и Горан Хаџиќ. Македонија и покрај тоа што сè уште ги нема започнато преговорите за членство, исто

7 Види повеќе: *Спасов, Александар*, „Современите теории за државниот суверенитет во меѓународниот поредок меѓу правниот позитивизам и државната одговорност" (докторски труд), Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје, 2015, стр. 112-124.

8 Види повеќе: *Bieber, Florian*, Introduction. Assessing the Ohrid Framework Agreement [во:] *Risteska, Marija, Daskalovski, Zhidas (ed.),* One Decade After the Ohrid Framework Agreement. Lessons (to be) Learned from the Macedonian Experience, Friedrich Ebert Stiftung and, Center for Research and Policy Making, Skopje 2011, стр. 12-24.

9 Види повеќе: European Commission, Enlargement, http://ec.europa.eu/enlargement/candidate-countries/croatia/eu_croatia_relations_en.htm, (посетено на: 12.4.2016).

10 Види повеќе: European Commission, Enlargement, http://ec.europa.eu/enlargement/countries/detailed-country-information/fyrom/index_en.htm, (посетено на: 12.4.2016).

11 Види повеќе: European Commission, Enlargement, http://ec.europa.eu/enlargement/countries/detailed-country-information/serbia/index_en.htm, (посетено на: 12.4.2016).

12 Види повеќе: European Commission, Enlargement, http://ec.europa.eu/enlargement/countries/detailed-country-information/montenegro/index_en.htm, (посетено на: 12.4.2016).

13 Види повеќе: European Commission, Enlargement, http://ec.europa.eu/enlargement/countries/detailed-country-information/bosnia-herzegovina/index_en.htm, (посетено на: 12.4.2016).

14 Види повеќе: European Commission, Enlargement, http://ec.europa.eu/enlargement/countries/detailed-country-information/kosovo/index_en.htm, (посетено на: 12.4.2016).

15 Види повеќе: European Commission, Enlargement, http://eeas.europa.eu/delegations/kosovo/eu_kosovo/political_relations/index_en.htm, (посетено на: 12.4.2016).

16 Види повеќе: European Commission, Enlargement, http://ec.europa.eu/enlargement/archives/enlargement_process/past_enlargements/eu10/slovenia_en.htm, (посетено на: 12.4.2016).

17 Види повеќе: European Commission, Enlargement, http://ec.europa.eu/enlargement/countries/package/index_en.htm, (посетено на: 12.4.2016).

така е позитивно оценета од страна на ЕК во однос на соработката со МКТЈ, во рамките на постапката што се водеше против двајца нејзини државјани од кои едниот беше министер за внатрешни работи, а другиот полициски командант во времето што е опфатено со наведениот случај.

Босна и Херцеговина не е предмет на ова истражување поради тоа што сè уште не е кандидат за членство, но и поради фактот што обврската за соработка на Хрватска и Србија, во повеќе случаи, се однесуваше токму за дела сторени на територијата на Босна и Херцеговина од државјани на Србија и Хрватска или лица кои се криеле на територијата на овие држави. Во таа смисла, наведената ситуација претставуваше фактичко ограничување во дејствувањето на државните органи на БиХ, што беше индиректно прифатено и од МКТЈ и од ЕУ преку насочувањето на условувањето кон Србија и Хрватска. Црна Гора, исто така, не е предмет на истражувањето поради фактот што соработката со МКТЈ има помало практично значење во процесот на интеграцијата на оваа држава во ЕУ.

Предмет на анализа во рамките на истражувањето е сумарен приказ на најзначајните одредби содржани во релевантните правни акти за основањето и работата на МКТЈ (релевантните резолуции и Статутот на МКТЈ) во обем што е неопходен за целта на истражувањето, важечкото законодавство за соработка со МКТЈ во Хрватска, Србија и Македонија односно Уставниот закон за соработка меѓу Хрватска и МКТЈ, Законот за соработка меѓу Србија и Црна Гора (*понатаму:* СЦГ) и МКТЈ (чијшто правен наследник е Србија) и Законот за соработка меѓу Македонија и МКТЈ. Дополнително, предмет на анализа е и реакцијата на Уставниот суд на СРЈ во случајот на екстрадицијата на поранешниот претседател на СРЈ Слободан Милошевиќ на МКТЈ во 2001 година, понатаму природата на односите меѓу Европската комисија и обвинителот на МКТЈ, како и евалуацијата на соработката од страна на ЕУ во рамките на годишните извештаи за напредокот на споменатите држави.

2. Основањето на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТЈ) претставува една од најзабележителните реакции на меѓународната заедница на крвавите војни на територијата на поранешна Југославија односно на територијата на државите што настанаа од поранешната Југославија. МКТЈ претставува преседан во практиката на ОН. Создаден во 1993 година од СБ на ОН во согласност со поглавјето 7 од Повелбата ( каде што се регулира надлежноста на СБ да го одржува меѓународниот мир и безбедност), МКТЈ претставувал најсериозен тест за амбициите да се создаде постојан кривичен суд. Иако МКТЈ не бил единствен трибунал од тој облик и со таква надлежност во тој период (во тој период биле основани и меѓународните кривични трибунали за Руанда и за Сиера Леоне), сепак потенцијалот на конфликтот во Југославија да го дестабилизира целиот регион на југоисточна Европа во период кога Европските заедници го почнале својот најамбициозен проект да го обединат европскиот Запад со европскиот Исток, му дава единствена важност на МКТЈ.

МКТЈ бил основан со Резолуцијата 808 на СБ на ОН која повикала на „основање на меѓународен трибунал со мандат да ги гони прекршувањата на меѓународното хуманитарно право во поранешна Југославија“[18] и Резолуцијата 827 која што „му дава мандат на МКТЈ да гони поединци за прекршувања на меѓународното хуманитарно право во поранешна Југославија“.[19] Како што се вели на официјалната интернет страница на МКТЈ:

„МКТЈ беше првиот трибунал за воени злосторства создаден од ОН и првиот трибунал за воени злосторства по трибуналите во Нирнберг и Токио. Тој беше основан од Советот за безбедност согласно со поглавјето 7 на Повелбата на ОН“.[20]

Трибуналот бил наметнат од страна на СБ на ОН на државите што било определено да бидат под негова јуриздикција, со оглед на тоа што нивната согласност не била земена предвид ниту за основањето, ниту за јуриздикцијата, ниту за надлежностите на трибуналот.

Дополнително, Трибуналот има првенство во јурисдикцијата во однос на националните (домашните) судови, односно како што е експлицитно наведено во член 9 став 2 од Статутот на Судот, МКТЈ има првенство во однос на националното судство и „во секоја фаза на постапката МКТЈ може формално да побара националните судови да ги пренесат своите надлежности на МКТЈ“.[21] Нормата содржана во член 9, параграф 2 од Статутот на МКТЈ односно експлицитното определување на предимството на МКТЈ во односот со националното правосудство имплицира дека МКТЈ може да го поништи или да го прогласи за неважечки кој било правен акт или правно дејство донесен или преземено од националните власти вклучувајќи го и правосудството.

---

18 *Resolution 808 (1993) adopted by the Security Council*, http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N93/098/21/IMG/N9309821.pdf?OpenElement, (посетено на: 12.4.2016).

19 *Resolution 827 (1993) adopted by the Security Council*, http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N93/306/28/IMG/N9330628.pdf?OpenElement (посетено на: 12.4.2016).

20 Види повеќе: *UN ICTY*, http://www.icty.org/sections/AbouttheICTY, (посетено на: 12.4.2016).

21 *International Criminal Tribunal for the fomer* Yugoslavia, Updated Statute, Art. 9, http://www.icty.org/x/file/Legal%20Library/Statute/statute_sept09_en.pdf, (посетено на: 12.4.2016).

Република Хрватска, Република Србија (како правен наследник на Државната заедница на Србија и Црна Гора, а која е правен наследник на Сојузна Република Југославија) и Република Македонија имаат донесени посебни закони за соработка со МКТЈ. Во Хрватска тоа е „Уставниот закон за соработка на Република Хрватска со Меѓународниот кривичен суд“[22] донесен во 1996 година.[23] Во 2002 година е донесен „Законот за соработка на Сојузна Република Југославија со Меѓународниот кривичен трибунал“ којшто е изменет и дополнет во 2003 година по основањето на Државната заедница на Србија и Црна Гора и се нарекува „Закон за соработка на Србија и Црна Гора со Меѓународниот трибунал за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право сторени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година“.[24] Во 2007 година е донесен „Законот за соработка меѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија“.[25]

Во однос на времето на донесување, Хрватска донела посебен закон за соработка со МКТЈ во 1996 година, непосредно по завршувањето на воените дејства во Хрватска во август 1995 година и Босна и Херцеговина со „Дејтонскиот мировен договор“ во есента во 1995 година. Србија, односно нејзините претходнички донесуваат закон во 2002 година, што се совпаѓа со промената на власта на обвинетиот претседател на СРЈ, Слободан Милошевиќ, во 2000 година и политичката волја на новата влада да ги почитува резолуциите на СБ на ОН и да го поддржи работењето на МКТЈ. Во однос на Република Македонија останува дилемата зошто законот за соработка со МКТЈ е донесен дури во 2007 година иако обвинителството на МКТЈ подигна обвинение против лицата Љубе Бошковски, во својство на министер за внатрешни работи во 2001 година и Јохан Тарчуловски, во својство на „службеник од повисок ранг во службата за обезбедување на Македонија во 2001 година“, двајцата државјани на Република Македонија, а Љубе Бошковски и државјанин на Република Хрватска, за сторените дела „убиство (кршење на законите или обичаите на војување, член 3 од Статутот на меѓународниот суд), безобѕирно разурнување градови и села (кршење на законите или обичаите на војување, член 3 од Статутот на меѓународниот суд) и сурово постапување (кршење на законите или обичаите на војување, член 3 од Статутот на меѓународниот суд) уште во 2005 година.[26] Истовремено, иако Љубе Бошковски беше предаден на МКТЈ од страна на Република Хрватска на чија што територија беше лишен од слобода и подоцна екстрадиран, а врз основа на хрватскиот закон, сепак Јохан Тарчуловски беше екстрадиран односно предаден на МКТЈ од страна на властите во Република Македонија без законски основ односно со повикување на Законот за ратификација на Статутот на МКТЈ и уставната обврска за почитување на меѓународното право, ситуација која дел од адвокатите ја оценија како „противправно лишување од слобода“.[27]

Преку компаративната анализа на трите закони може да се заклучи дека законите имаат речиси идентична структура и многу слични одредби. Во трите закони, во првиот член од нив, се укажува на обврската на државите да соработуваат со МКТЈ врз основа на Резолуцијата 827 на СБ на ОН и Статутот на МКТЈ. Постои разлика во однос на надлежните органи за соработка. Во таа смисла, како надлежен орган во Хрватска е определена Владата на Република Хрватска во член 2 од Законот, во Србија и Црна Гора е Министерството за надворешни работи и Советот за соработка со МКТЈ основан од Советот на министрите на СЦГ во членовите 3 и 7 од Законот, а во Македонија е Министерството за правда во член 4 од Законот.

Во однос на дејствувањето на МКТЈ и на неговите овластени лица на теориторијата на наведените држави, односно преземање на истражни дејства на територијата на државите и во трите закона се дозво-

22 Се мисли на МКТЈ како што е наведено во член 1 од Законот, а изразот „меѓународен кривичен суд“ веројатно се употребува затоа што законот му претходи на основањето на постојаниот Меѓународен кривичен суд и во таа смисла во времето кога бил донесен не се работело за исто именување на два различни меѓународни суда.

23 Ustavni zakon o suradnji Republike Hrvatske s Međunarodnim kaznenim sudom, Narodne novine, http://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/264344.html, (посетено на: 20.4.2016).

24 Zakon o saradnji Srbije i Crne Gore sa Međunarodnim tribunalom za krivično gonjenje lica odgovornih za teška kršenja međunarodnog humanitarnog prava počinjena na teritoriji bivše Jugoslavije od 1991. godine, Paragraf, http://www.paragraf.rs/propisi_download/zakon_o_saradnji_srbije_i_crne_gore_sa_medjunarodnim_tribunalom_za_krivicno_gonjenje_lica_odgovornih_za_teska_krsenja.pdf, (посетено на: 20.4.2016).

25 Закон за соработка меѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија, Службен весник на Република Македонија, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/04B8446853E9B54185B7BDD1A6606D21.pdf, (посетено на: 20.4.2016).

26 Завршени предмети, Бошковски и Тарчуловски, Академик, 21.3.2012, http://www.akademik.mk/sudenje/boshkovski-i-tarchulovski/, (посетено на: 20.4.2016).

27 Тарчуловски е грабнат, Дневник, 18.3.2006, http://star.dnevnik.com.mk/?pBroj=2711&stID=51278, (посетено на: 20.4.2016).

лува таквото поведение. Во Хрватска за можноста за дејствување на територијата на државата е потребно претходно одобрение од Владата (член 6-8), во СЦГ не е потребно посебно одобрение (член 9), исто како што гласи и одредбата во Македонија (член 29, став 2). Исклучок е примената на присила односно лишување од слобода за што и во трите закона се надлежни домашните органи на барање на МКТЈ односно неговите овластени лица.

Во делот на отстапувањето на кривичното гонење и кривичната постапка пред домашниот обвинител односно пред домашните судови, може да се констатира дека и во трите закони е инкорпорирана нормата содржана во член 9, параграф 2 од Статутот на МКТЈ односно експлицитното определување на првенството на МКТЈ во односот со националното правосудство. Трите закони, на Хрватска (член 9), СЦГ (член 13-15) и Македонија (член 22-24) предвидуваат постапка за одобрување на отстапувањето пред судски совет на надлежен суд. Имајќи го предвид признавањето на стварната, месната и временската надлежност на МКТЈ и предимството на постапката пред МКТЈ во однос на постапките пред домашните правосудни органи и во трите закони е предвидена и постапка за предавање односно екстрадиција на обвинети лица на МКТЈ. Условите што се предвидени за да биде одобрено барањето за екстрадиција се од процедурална природа што не ја дерогира првенствената надлежност на МКТЈ во однос на домашното правосудство.

Конечно, трите закони, на Хрватска (член 28-31), СЦГ (член 34-35) и Македонија (член 35) предвидуваат обврска на државите да ги извршат пресудите на МКТЈ доколку осудителните пресуди на МКТЈ предвидуваат извршување на санкциите на нивната територија.[28]

Карактеристично за македонскиот закон е посебната глава и одредбите за постапување по предметите отстапени од МКТЈ на надлежните државни органи на Република Македонија (член 25-28).[29] Во законот на Хрватска постојат одредби со кои се овозможува повторување на постапката што била запрена поради почнување постапка пред МКТЈ за оние кривични дела за кои пред преземањето на постапката од страна на МКТЈ се водела постапка пред надлежните домашни судови, а МКТЈ не одлучил за вината на обвинетиот за тие дела (регулирано во член 11).[30] Во законот на СЦГ во член 16 се стипулира дека за дело за кое МКТЈ донел пресуда (осудителна или ослободителна) со кој ја утврдил вината, судовите во СЦГ не можат повторно да пресудуваат[31] (начелото *ne bis in idem*) и иако експлицитно не е наведено, сепак преку толкување на одредбата може да се заклучи дека за делата за кои МКТЈ не одлучувал може да се поведе или да се повтори постапката доколку била почната пред преземањето, а запрена поради преземањето на постапката од страна на МКТЈ. Зошто законодавецот во Македонија се одлучил за посебни одредби и релативно детално регулирање на постапката во случај на отстапување на предметите од страна на МКТЈ на домашните органи, за разлика од законите на Хрватска и СЦГ, а имајќи предвид дека во сите други сегменти македонскиот закон не се разликува од другите закони, не може да се утврди со прецизност. Останува фактот дека шест месеци по донесувањето на македонскиот закон, МКТЈ одлучи да врати неколку предмети на надлежните правосудни органи во Македонија.[32]

Конечно, важно за правната рамка за соработката на СРЈ со МКТЈ е и, од правен аспект, контроверзната одлука на Владата на Србија како федерална единица на СРЈ да го екстрадира поранешниот претседател на СРЈ Слободан Милошевиќ на МКТЈ во јуни 2001 година. Имено, пред донесувањето на законот за

[28] Ustavni zakon o suradnji Republike Hrvatske s Međunarodnim kaznenim sudom, Narodne novine , http://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/264344.html, Zakon o saradnji Srbije i Crne Gore sa Međunarodnim tribunalom za krivično gonjenje lica odgovornih za teška kršenja međunarodnog humanitarnog prava počinjena na teritoriji bivše Jugoslavije od 1991. godine, Paragraf, http://www.paragraf.rs/propisi_download/zakon_o_saradnji_srbije_i_crne_gore_sa_medjunarodnim_tribunalom_za_krivicno_gonjenje_lica_odgovornih_za_teska_krsenja.pdf, Закон за соработка меѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија, Службен весник на Република Македонија, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/04B8446853E9B54185B7BDD1A6606D21.pdf , (посетено на: 20.4.2016).

[29] Закон за соработка меѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија, Службен весник на Република Македонија, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/04B8446853E9B54185B7BDD1A6606D21.pdf, (посетено на: 20.4.2016).

[30] Ustavni zakon o suradnji Republike Hrvatske s Međunarodnim kaznenim sudom, Narodne novine , http://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/264344.html, (посетено на: 20.4.2016).

[31] Zakon o saradnji Srbije i Crne Gore sa Međunarodnim tribunalom za krivično gonjenje lica odgovornih za teška kršenja međunarodnog humanitarnog prava počinjena na teritoriji bivše Jugoslavije od 1991. godine, Paragraf, http://www.paragraf.rs/propisi_download/zakon_o_saradnji_srbije_i_crne_gore_sa_medjunarodnim_tribunalom_za_krivicno_gonjenje_lica_odgovornih_za_teska_krsenja.pdf, (посетено на: 20.4.2016).

[32] Можно враќање на четири случаи од Хаг, BBC Macedonian, 18.1.2008, http://www.bbc.co.uk/macedonian/news/story/2008/01/080118_mac_hague.shtml, (посетено на: 20.4.2016).

соработка во 2002 година и пред екстрадицијата на Милошевиќ на 28.06.2001 година, Сојузната влада на СРЈ на 23.06.2001 година донела посебна Уредба за соработка со МКТЈ (по неуспешниот обид да се донесе сојузен закон за соработка во мај 2001 година) со која било предвидена првенствена надлежност на судовите на СРЈ за постапување по делата за кои обвинителството на МКТЈ подигнало обвинение, а можноста за екстрадиција била условена со претходна одлука на Сојузната влада. Адвокатите на Милошевиќ веднаш почнале постапка пред Сојузниот уставен суд на СРЈ за оспорување на уставноста и законитоста на уредбата, а Сојузниот уставен суд на истиот ден кога Милошевиќ бил екстрадиран донел одлука за изрекување на привремена мерка за ставање надвор од сила на спомենатата уредба.[33] Сепак, Милошевиќ бил екстрадиран, но не со одлука на Сојузната влада според наведената уредба, туку со одлука на Владата на Србија повикувајќи се на фактот дека Милошевиќ бил државјанин на СРЈ, но и на Република Србија во рамките на СРЈ.[34] Оваа одлука иако била поздравена од меѓународната заедница и од ЕУ, предизвикала жестока дебата околу нејзината легалност.

3. Како што веќе беше споменато, процесот на интеграција во ЕУ на наведените држави, меѓу другите аспекти, беше и е условен со активната соработка со МКТЈ. Европската комисија во име на ЕУ, редовно ја оценуваше и ја оценува соработката во рамките на годишните „Извештаи за напредок“ *(Progress Reports)* во делот за исполнувањето на политичките критериуми за членство во ЕУ.[35]

Доколку се анализираат извештаите за напредок на Хрватска почнувајќи од Извештајот за напредок за 2005-та од 9.11.2005 година, може да се забележи дека соработката со МКТЈ е клучен услов за започнувањето на преговорите за членство на Хрватска во ЕУ. Имено, уште во воведниот дел на Извештајот, Европската комисија ја истакнува „позитивната оценка од 3.10.2005 година на главниот обвинител (*на МКТЈ, моја забелешка)* дека соработката е целосна“ како основен предуслов за започнување на преговорите. Претходно во Извештајот, Комисијата го истакнува токму отсуството на позитивна оценка за соработката со МКТЈ од страна на главниот обвинител на МКТЈ како причина за пролонгирањето на почетокот на преговорите.[36] Конзистентност во однос на условувањето на процесот на интеграција со соработката со МКТЈ може да се заклучи и од Извештајот за напредок за 2006 година каде што се констатира дека не постојат посебни тешкотии во соработката во рамките на одделот посветен на политичките критериуми, односно пододделот за регионални прашања и меѓународни обврски во рамките на наведениот оддел од Извештајот.[37] Слична оценка содржи и Извештајот за 2007 година,[38] како и последователните извештаи до полноправното членство, проследени со определени забелешки од технички карактер.

Во случајот на Србија, напредокот во европските интеграции уште во рамките на процесот за стабилизација и асоцијација е условен со целосната соработка со МКТЈ, вклучително и позитивната оценка од страна на главниот обвинител на МКТЈ. Така, во рамките на Извештајот за напредок за 2008 година, во делот за односите меѓу Србија и ЕУ е цитиран заклучокот на Советот дека „целосната соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТЈ), вклучително и сите возможни напори да се уапсат и да се екстрадираат осомничените, е основен елемент на овие договори“ *(се мисли на Договорот за стабилизација и асоцијација и Времениот договор, моја забелешка)*.[39] Сличен заклучок се наоѓа и во одделот за политичките критериуми, односно пододделот за регионалните прашања и меѓународните обврски каде што се истакнува дека „целосната соработка со МКТЈ е меѓународна обврска и еден од основните приоритети на Европското партнерство“.[40] Во 2009

[33] *Magliveras, Konstantinos, D.,* The Interplay Between the Transfer of Slobodan Milosevic to the ICTY and the Yugoslav Constitutional Law , European Journal of International Law, 13 (2002), 661-677, стр. 663-664.

[34] *Magliveras, Konstantinos, D.,* The Interplay Between the Transfer of Slobodan Milosevic to the ICTY and the Yugoslav Constitutional Law , European Journal of International Law, 13 (2002), 661-677, стр. 666.

[35] European Commission, European Neighborhood and Enlargement Negotiations, http://ec.europa.eu/enlargement/countries/package/index_en.htm, (посетено на: 20.4.2016).

[36] European Commission, Croatia 2005 Progress Report, http://ec.europa.eu/enlargement/archives/pdf/key_documents/2005/package/sec_1424_final_progress_report_hr_en.pdf, стр. 3, (посетено на: 20.4.2016).

[37] Commission of the European Communities, Commission Staff Working Document, Croatia 2006 Progress Report, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2006/nov/hr_sec_1385_en.pdf, стр. 13, (посетено на: 20.4.2016).

[38] Commission of the European Communities, Commission Staff Working Document, Croatia 2006 Progress Report accompanying the Communication from the Commission to the European Parliament and the Council, Enlargement Strategy and Main Challenges 2007-2008, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2007/nov/croatia_progress_reports_en.pdf, стр. 15, (посетено на: 20.4.2016).

[39] Commission of the European Communities, Commission Staff Working Document, Serbia 2008 Progress Report http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/press_corner/keydocuments/reports_nov_2008/serbia_progress_report_en.pdf, стр. 5, (посетено на: 20.4.2016).

[40] Commission of the European Communities, Commission Staff Working Document, Serbia 2008 Progress Report http://

година, на пример, ЕК во Извештајот за напредок го пренесува заклучокот на Советот дека ратификацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу ЕУ и Србија од страна на националните парламенти и имплементацијата на Времениот договор од страна на ЕУ е условена од позитивната оценка од страна на главниот обвинител за соработката на Србија со МКТЈ.[41] Конечно, во Извештајот за напредок за 2012 година, кога Србија стекна статус на кандидат за членство, оценката е дека Србија целосно соработува со МКТЈ.[42]

И во случајот на Македонија, а имајќи предвид дека само еден случај беше процесиран против македонски државјани, а кој почна во 2005 година, Комисијата во Извештајот за напредок за 2006 година (прв таков извештај по стекнувањето на кандидатскиот статус во 2005 година) ја оценува соработката како „целосна“.[43] Позитивната оценка е дел од сите последователни извештаи за напредок.

Од наведеното може да се констатира дека Европската унија покажува конзистентност во условувањето на интеграцијата со целосната соработка со МКТЈ. Понатаму, ЕУ оцената за соработката ја темели, меѓу другото, и врз основа на претходната позитивната оцена од страна на главниот обвинител на МКТЈ за соработката. Во случајот на Хрватска, таквата оцена од страна на главниот обвинител била услов за почнување на преговорите за членство, а во случајот на Србија услов за ратификација на Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу ЕУ и таа држава и услов за имплементација на Времениот договор од страна на ЕУ. Наведеното јасно ја илустрира важноста на соработката за процесот на интеграцијата во ЕУ. Со оглед на тоа што еден од критериумите од Копенхаген за полноправно членство во ЕУ е токму владеењето на правото, може да се заклучи и дека ЕУ ја поставува соработката со МКТЈ и како критериум за оценка на транзицијата на државите низ процесот на интеграција во правни држави, односно правни поредоци што се темелат врз начелото на владеењето на правото. Таквиот заклучок не имплицира дека соработката со МКТЈ е клучен критериум за развојот на правната држава, но, секако, е еден од важните критериуми.

Конечно, од наведеното се потврдува хипотезата од воведниот дел на оваа статија, дека соработката со МКТЈ може да се определи и како дополнителен критериум со кој беа и се условени државите од поранешна Југославија споредено со процесот на интеграцијата во ЕУ на другите држави во централна и источна Европа.

ec.europa.eu/enlargement/pdf/press_corner/keydocuments/reports_nov_2008/serbia_progress_report_en.pdf, стр. 21, (посетено на: 20.4.2016).

41 Commission of the European Communities, Commission Staff Working Document, Serbia 2009 Progress Report accompanying the Communication from the Commission to the European Parliament and the Council, Enlargement Strategy and Main Challenges 2009-2010, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2009/sr_rapport_2009_en.pdf, стр. 5, (посетено на: 20.4.2016).

42 Commission of the European Communities, Commission Staff Working Document, Serbia 2012 Progress Report accompanying the Communication from the Commission to the European Parliament and the Council, Enlargement Strategy and Main Challenges 2009-2010, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2012/package/sr_rapport_2012_en.pdf, стр.18, (посетено на: 20.4.2016).

43 Commission of the European Communities, Commission Staff Working Document, the former Yugoslav Republic of Macedonia 2006 Progress Report, http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2006/nov/fyrom_sec_1387_en.pdf, стр. 16, (посетено на: 20.4.2016).

Doz. Dr. Aleksandar Lj. Spasov

**Die Kooperation der Staaten des Ehemaligen Jugoslawiens mit dem Internationalen Strafgerichtshof für das ehemalige Jugoslawien (ICTY) als eine Voraussetzung für die EU-Integration**
(Zusammenfassung)

Schwerpunkt des Aufsatzes ist das Zusammenspiel zwischen der Kooperation der nach der Auflösung des ehemaligen Jugoslawiens entstandenen unabhängigen und souveränen Staaten Kroatien, Serbien und Mazedonien mit dem Internationalen Strafgerichtshof für das ehemalige Jugoslawien (International Criminal Tribunal for former Yugoslavia – ICTY) sowie ihrer europäischen Integration in den vergangenen zwei Jahrzehnten. Die aktive und volle Kooperation aller Nachfolgestaaten Jugoslawiens mit dem ICTY wurde von der EU als, im Vergleich zur Integration der anderen mittel- und osteuropäischen Staaten, zusätzliche Voraussetzung im Beitrittsprozess vorgegeben. Unter Berücksichtigung der unterschiedlichen Stadien in denen sich diese Staaten im EU-Beitrittsprozess befinden (Kroatien ist seit 2013 Mitglied der EU, Serbien befindet sich als Beitrittskandidat in den Beitrittsverhandlungen und für Mazedonien hat die Kommission den Beginn der Beitrittsverhandlungen empfohlen) und der Tatsache, dass sich die verbliebenen Verfahren vor dem ICTY in den abschließenden Stadien befinden, ist es das allgemeine Anliegen dieses Aufsatzes, die Auswirkungen der genannten Kooperation auf die Transformation dieser Staaten in Rechtsstaaten als essentielle Voraussetzung der europäischen Integration zu untersuchen.

Die Untersuchung konzentriert sich auf die maßgeblichen Gesetze in den Staaten: das Gesetz über die Kooperation zwischen der ehemaligen FR Jugoslawien und dem ICTY (in Serbien), das Verfassungsgesetz über die Kooperation zwischen Kroatien und dem ICTY und das Gesetz über die Kooperation zwischen Mazedonien und dem ICTY. Zusätzlicher Gegenstand sind die Reaktionen des Verfassungsgerichts der FR Jugoslawien im Fall der Auslieferung des ehemaligen jugoslawischen Präsidenten Milošević an das ICTY, das Verhältnis zwischen der EU-Kommission und dem Chefankläger des ICTY sowie die Würdigung der Kooperation durch die EU-Kommission in den jährlichen Fortschrittsberichten.

Als wesentliche Schlussfolgerung des Aufsatzes ergibt sich, dass die EU in den verschiedenen Phasen des Integrationsprozesses die Kooperation der betroffenen Staaten mit dem ICTY aktiv überwacht und durchgängig bestimmt hat. Die Kommission hat ihre Beurteilungen der Kooperation durchgehend auf positive Würdigungen des Chefanklägers gestützt, was die Stellung des ICTY stärkte und ein wichtiger Anreiz für die Zusammenarbeit dieser Staaten mit dem Chefankläger war. Letztlich hat der beharrliche Druck der EU auf diese Staaten, trotz kurzfristig destabilisierender Effekte, langfristig positive Auswirkungen auf ihre Transformation zu Rechtsstaaten, die zur Vergangenheitsbewältigung fähig sind.